Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

**КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО**

**со Отворено Одделение во Крива Паланка**

Бр. 0401-1794/1
Куманово, 24.07.2025 год.

Министерство за Правда

КПУ ЗАТВОР – КУМАНОВО
со Отворено одделение
во Крива Паланка

Врз основа на став 30 став 1 алинеа 2 став 3 и став 5, член 48 став 3 и член 49 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен Весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215,21 и 99/22), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начиност на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодување и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен Весник на РМ" бр. 259/2024), како и добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии бр. 19-5828/2 од 23.07.2025 година, заведено под наш број 0401-1044 од 24.07.2025 година, **Директорот на КПУ ЗАТВОР Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка објавува**:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/2025
# ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

**I. КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка распишува интерен оглас за унапредување на 2 (два) административни службеници, за следниве работни места:**

**1.Раководител на одделение за третман, Одделение за третман – Сектор за ресоцијализација, со звање – Раководител на одделение, шифра на работно место УПР0101Б04000 - 1 (еден) извршител;**

**А) Општи услови согласно закон:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Б) Посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот:**

**Вид на образование:** Психологија, Социјална работа и социјална политика или Образование;

**Стручни квалификации:** VI А според Македонска рамка на квалификации и најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 411 433
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

**Работно искуство:** за ниво Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

**В) Општи работни компетенции на напредно ниво:**

-учење и развој;
-комуникација;
-остварување резултати;
-работење со други/тимска работа;
-стратешка свест;
-ориентираност кон клиенти/ засегнати страни;
-раководење и
-финансиско управување.

**Г) Посебни работни компетенции:**

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски);

-активно познавање на компјутерските програми за канцелариско работење;

-положен испит за административно управување и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветно работно место;

Распоред на работно време:

-Работни денови од понеделник до петок;
-Работни часови: 40 часови неделно;
-Почеток на работното време 07:30/08:30 и крај на работно време 15:30/16:30 часот;

Паричен износ на нето плата: 44.185,00 денари.

**2.Раководител на одделение за човечки ресурси, Одделение за човечки ресурси, со звање – Раководител на одделение, шифра на работно место УПР0101Б04000 - 1 (еден) извршител;**

**А) Општи услови согласно закон:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 411 433
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Б) Посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот:**

**Вид на образование:** Правни науки, политички науки и организациони науки и управување;

**Стручни квалификации:** VI А според Македонска рамка на квалификации и најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

**Работно искуство:** за ниво Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

**В) Општи работни компетенции на напредно ниво:**

-учење и развој;
-комуникација;
-остварување резултати;
-работење со други/тимска работа;
-стратешка свест;
-ориентираност кон клиенти/ засегнати страни;
-раководење и
-финансиско управување.

**Г) Посебни работни компетенции:**

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски);

-активно познавање на компјутерските програми за канцелариско работење;

-положен испит за административно управување и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветно работно место;

Распоред на работно време:

-Работни денови од понеделник до петок;
-Работни часови: 40 часови неделно;
-Почеток на работното време 07:30/08:30 и крај на работно време 15:30/16:30 часот;

Паричен износ на нето плата: 44.185,00 денари.


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка

с.К'шање, Куманово
Република Северна Македонија

+389 31 411 433
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

**II**. Покрај горенаведените услови предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка, на интерниот оглас може да се пријави административен службеник вработен во Установата, кој ги исполнува и условите утврдени во член 48 став 5 од Законот за административни службеници:

- да е оценет со оцена А или Б при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**III.** Право на учество на интерниот оглас имаат сите административни службеници вработени во КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

**IV**. Кандидатите пријавата со потребните документи треба да ги достават во рок од 5 (пет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот на веб страната на Управата за извршување на санкциите и на Агенција за администрација.

**V.** Заинтересираните кандидати за сите работни места потребно е да ги достават следните документи:

- пополнета пријава за унапредување;
- уверение за државјанство (не постаро од една година);
- уверение за општа здравствена способност за работното место (не постаро од една година);
- уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постаро од една година);
- доказ за завршено образование;
- доказ за работно искуство во струката;
- доказ за познавање на програми за канцелариско работење;
- доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска Унија (англиски, француски, германски);
- потврда за положен испит за административно управување.


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка

с.К'шање, Куманово
Република Северна Македонија

+389 31 411 433
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат и следните докази:

- потврда за успешно реализирани обуки(како посетител на обука или како обучувач) и / или

-потврда за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

**VI.** Кандидатите, пријавата со потребната документација и доказите за податоците содржани во пријавата, ја доставуваат преку писарницата - архивата на КПУ Затвор Куманово, с. К'шање б.б. општина Куманово, или преку следната службена електронска адреса: kpu.kumanovo@justice.gov.mk, со назнака – за Интерен оглас за унапредување бр. 01/2025.

**VII.** Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА**: Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, како и пријава со внесени лажни податоци се дисквалификува од понатамошна постапка.

ДОСТАВЕНО ДО:
-Архива,
-Одд. за човечки ресурси,

**ДИРЕКТОР,**
**ОЛИВЕР ЦВЕТКОВСКИ**


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 411 433
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com